Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 10 мај 2023 година**

**Скопје, мај 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 мај 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 9:20 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство,Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање,како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

Од седницата отсуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции,д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за давање на овластување на министерот за здравство за потпишување на Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија и на директорите односно вршителите на должноста директори на јавните здравствени установи за потпишување на анекси за изменување и дополнување на поединечните колективни договори

2. Прашања и предлози

3. Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 19, Вработување и социјална политика, од Кластер 3 Конкурентност и инклузивен раст на 10-12 мај 2023 година, во Брисел, со прилози

4. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на 13 тековни предмети пред Европскиот суд за човекови права, АД Осигурителна полиса Скопје и други против Република Северна Македонија и седум други апликации (62544/19, 6430/20, 7307/20, 38181/20, 44331/20, 48373/20, 49268/20 и 38659/20) и Пуцко Петрол увоз-извоз ДООЕЛ против Република Северна Македонија и четири други апликации (6381/20, 38665/20, 15860/20, 38176/20 и 44819/20), со прилози

5. Информација за Анекс на Одлука на Европската комисија за потпишување на „Разбирање на високо ниво помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за индикативните карти на Транс-европската транспортна мрежа во Република Северна Македонија", што претставува спогодба на високо ниво во рамките на значењето на член 49 (6) од Регулативата (ЕУ) Бр. 1315/2013 (ТЕН-Т регулатива)

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на овластување на министерот за здравство за потпишување на Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија и на директорите односно вршителите на должноста директори на јавните здравствени установи за потпишување на анекси за изменување и дополнување на поединечните колективни договори и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го овласти министерот за здравство, да го потпише Анексот за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија со кој се врши зголемување на платите на вработените во јавните установи во здравството, почнувајќи со исплатата за плата за март 2023 година.

2. Ги овласти директорите, односно вршителите на должност директори на јавните здравствени установи, да ги потпишат поединечните колективни договори со кој се врши зголемување на платите на вработените во јавните установи во здравството, почнувајќи со исплатата за плата за март 2023 година.

**Точка 2**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 19, Вработување и социјална политика, од Кластер 3 Конкурентност и инклузивен раст на 10-12 мај 2023 година, во Брисел, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Предлог листата на учесници за билатералниот скрининг.

2. Се задолжува Работната група за Поглавје 19, Вработување и социјална политика на настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на 13 тековни предмети пред Европскиот суд за човекови права, АД Осигурителна полиса Скопје и други против Република Северна Македонија и седум други апликации (62544/19, 6430/20, 7307/20, 38181/20, 44331/20, 48373/20, 49268/20 и 38659/20) и Пуцко Петрол увоз-извоз ДООЕЛ против Република Северна Македонија и четири други апликации (6381/20, 38665/20, 15860/20, 38176/20 и 44819/20), со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапките пред Европскиот суд за човекови права до рокот определен од страна на Европскиот суд за човекови права (15 мај 2023 година) да склучи спогодба и да ја достави до Европскиот суд за човекови права, за апликациите:

- А.бр. 62544/19 поднесена од: АД Осигурителна полиса Скопје, освен во делот на побарувањата од табелите во Прилог 2 кон Информацијата за соодветниот апликант под реден број 9-13, Триглав осигурување АД Скопје, Македонија Скопје Виена Иншуренс Груп Кроација Осигурување АД Скопје, ЈСАРГО ДООЕЛ Скопје и Технокар Сашо ДООЕЛ Скопје;

- А.бр.6430/20 во делот во кој е поднесена од Гранит АД Скопје Винер Виена Иншуренс Груп Скопје и Еуролинк Осигурување АД Скопје, освен во делот на побарувањата од табелите во Прилог 2 кон Информацијата за соодветниот апликант под реден број 18 и 19;

- А.бр. 7307/20 поднесена од Фабрика Карпош АД Скопје;

- А.бр.49268/20 поднесена од Каргомакс ДООЕЛ Миладиновци;

- А.бр.38659/20 поднесена од БОМАРСКИ ДООЕЛ увоз -извоз Скопје;

- А.бр.38665/20 поднесена од С КОМ ДООЕЛ-А.бр.15860/20 поднесена од Елена Ничевска и Јасминка Василковска;

- А.бр.38176/20 поднесена од Агровојводина -Маханизација НС ДООЕЛ и

- А. бр. 44331/20 поднесена од Дидакс ДООЕЛ Скопје

и за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата на апликантите ќе им исплати вкупно 245.923.616,00 денари или износите наведени подолу соодветно, кои ги покриваат сите побарувања кои се предмет на спогодување по основ на материјална штета, нематеријална штета и трошоци, под услов апликантите да се откажат од било какви дополнителни побарувања од државата или доверителите (државни субјекти) по основ на апликациите или нивните соодветни делови кои се предмет на спогодување, со обврска апликантите по донесувањето на одлуката на Европскиот суд за човекови права врз основа на спогодување, а пред исплатата на досудениот износ прифатен за целите на спогодување, да достават доказ за запирање на тековните извршни постапки за побарувањата кои се предмет на спогодување, а со обврска досудениот износ да се намали за сите евентуални износи наплатени од доверителите во меѓувреме, а до денот на запирањето на извршните постапки:

- АД Осигурителна полиса Скопје и др.-износ од 16.168.879,00 денари;

- Триглав осигурување АД Скопје-износ од 26.920.196,00 денари;

- Македонија Скопје Виена Иншуренс Груп-износ од 14.286.520,00 денари;

- Кроација осигурување АД-износ од 747.833,00 денари;

- ЈСАРГО ДООЕЛ Скопје -износ од 12.824.304,00 денари;

- Технокар Сашо ДООЕЛ Скопје-износ од 11.236.771,00 денари;

- Гранит АД Скопје-износ од 12.320.936,00 денари;

- Винер Виена Иншуренс Груп Скопје-износ од 14.474.763,00 денари;

- ЕУРОЛИНК Осигурување АД Скопје-износ од 8.026.938,00 денари;

- Фабрика Карпош АД А.бр. 7307/20-износ од 642.843,00 денари;

- Каргомакс ДООЕЛ Миладиновци Илинден А.бр.49268/20-износ од 110.205.789,00 денари;

- Бомарски ДООЕЛ Увоз-Извоз Скопје А.бр. 38659/20-износ од 2.035.816,00 денари;

- С КОМ ДООЕЛ А.бр. 38665/20-износ од 543.372,00 денари;

- Никчевска и Василковска А.бр. 15860/20-износ од 4.224.669,00 денари;

- Агровојводина Механизација НС ДООЕЛ А.бр.38176/20-износ од 2.888.792,00 денари и

- Дидакс ДООЕЛ Скопје А.бр.44331/20-износ од 8.375.195,00 денари.

2. Се овластува владиниот агент во постапките пред Европскиот суд за човекови права до рокот определен од страна на Европскиот суд за човекови права (15 мај 2023

година) да склучи спогодба и да ја достави до Европскиот суд за човекови права, за апликациите:

- А.бр.38181/20 поднесена од АД Бетон Скопје;

- А.бр.44819/20 поднесена од Специјал Продукт ДООЕЛ Скопје и

-А.бр.6430/20 во делот во кој е поднесена од Евроинс Осигурување АД Скопје на начин што апликантите ќе ги повлечат апликациите пред Европскиот суд за човекови права.

3. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да го извести Европскиот суд за човекови права до рокот определен од Европскиот суд за човекови права (15 мај 2023 година) дека Владата нема да ја користи можноста за спогодбено решавање на апликациите:

- Абр.48373/20 поднесена од АД Бетон Скопје;

- А.бр.6381/20 поднесена од ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ с. Пласница;
- А.бр.62544/19 во делот на побарувањата на АД Осигурителна полиса Скопје од табелите во Прилог 2 кон Информацијата за соодветниот апликант под реден број 9-13 и

- А.бр.6430/20 во делот на побарувањата на Еуролинк Осигурување АД Скопје а од табелите во Прилог 2 кон Информацијата за соодветниот апликант под реден број 18 и 19.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за Анекс на Одлука на Европската комисија за потпишување на „Разбирање на високо ниво помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за индикативните карти на Транс-европската транспортна мрежа во Република Северна Македонија“, што претставува спогодба на високо ниво во рамките на значењето на член 49 (6) од Регулативата (ЕУ) Бр. 1315/2013 (ТЕН-Т регулатива), ја усвои Информацијата и го овласти Благој Бочварски, министер за транспорт и врски да го потпише документот „Разбирање на високо ниво помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за индикативните карти на Транс-европската транспортна мрежа на територијата на Република Северна Македонија“.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 9:30 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**